ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО
Бр. 10-643/1
30. 03. 2018 год
КРАТОВО

# Годишен Извештај

## на Кординатор за еднакви можности на жените и мажите од Општина Кратово за 2017 година

Координаторот за еднакви можности на жените и мажите од општина Кратово на ден 30.03.2018 година го изготви овој Годишен извештај за 2017 година Согласно обврските и надлежностите пропишани со Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Во Општина Кратово во однос на почитувањето на принципот на еднакви можности на жените и мажите таа е запазена и во однос на вработените состојбата е следната:

"Во општина Кратово се вработени вкупно 22 лица, од кои 13 лица се од машки пол, а 9 се од женски пол.

Во Јавните општински установи ЈОУ Детска Градинка "Царка Андреевска, ООУ "Кочо Рацин", СОУ "Митко Пенџуклиски", "Музеј на град Кратово" и ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов" има голем број на вработени жени, а 4 Директори се жени на овие установи и тоа на установите: ЈОУ Детска Градинка "Царка Андреевска, ООУ "Кочо Рацин", СОУ "Митко Пенџуклиски" и ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов".

Со формирањето на Советот на општината Кратово после спроведените локални избори 2017 година кој совет брои 15 членови од кои 5 члена на советот се од женски пол, а 10 од машки. Со Одлука на советот на оштина Кратово бр.09-1328/1 од 30.10.2017 година и Решение бр.09-1328/2 од 30.10.2017 година при Советот на општина Кратово е формирана постојана комисија за еднакви можности на жените и мажите, во која членови се: Слаѓан Спасовски-Претседател на комисијата и членови: Сунчица Наунова, Марина Бојковска, Ирина Ѓеоргиевска и Ацо Андреев.

Во текот на 2017 година жените советнички активно партиципираа и зедоа учество во работата на советот и на комисиите при советот а во комисиите има и повеќе Претседатели и членови на комисиите од женски пол.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите до сега нема одржано седница.

Датум, 30.03.2018 година, Кратово

Со почит,

**Координатор за еднакви можности**
**на жените и мажите од Општина Кратово**
Љупчо Голубанов